# LYCONET - ДОГОВОР

**за независни Lyconet маркетери (Independent Lyconet Marketer)**

верзија: Јули 2020

**Преамбула**

Lyconet International AG со седиште на Orbi Tower Thomas Klestil Platz 13, 1030 Виена, Австрија, управува со маркетинг програма под името „Lyconet“ (во понатамошниот текст: „**Lyconet маркетинг програма**“).

Главен дел на оваа Lyconet маркетинг програма е овој Lyconet - договор, којшто меѓу другото, овозможува само-вработени, комерцијално активни продажни агенти да вршат промовирање на своја сопствена лојална програма на потрошувачи.По склучувањето на овој Lyconet-договор со Lyconet International AG, (во понатамошниот контекст наречен како **„Lyconet“**) партиципантите се здобиваат со статусот на независен Lyconet маркетер (во понатамошниот текст: „**маркетер**“).

Lyconet International AG е авторизиран од myWorld International Ltd. со седиште во Велика Британија, 40 Бенк Стрит, Лондон ЕЦ14 5 HP, да ја промовира Cashback World програмата меќу другите работи. Cashback World Програмата е куповна заедница оперирана од myWorld International Limited заедно со своите подружници и кооперациски партнери преку која партиципантите (Членовите) можат да купуваат добра и услуги од Трговските партнери (Трговски партнери), со цел да добијат предности. Предмет на договорот

**1. Предмет на договор**

1.1 Во корелација на овој Lyconet договор, Маркетерот е овластен да ја промовира дистрибуцијата и користењето на Cashback World Програма и на Lyconet Маркетинг Програма согласно овој Lyconet Договор, доколку соодветните барања под клаузула 4 се исполнети,

(a) Со стекнување на нови Членови и со раководење со постоечки Членови,

(b) Со стекнување на нови Маркетери и со раководење со постоечки Маркетери и

(c) Со стекнување на нови Трговски Партнери и со раковедење со постоечките Трговски Партнери.

1.2 „**Трговски партнери**“ се трговски друштва, коишто исклучиво продаваат стоки и услуги на потрошувачи и

(a) немаат повеќе од 100 вработени (полно работно време),

(b) не прават обрт повеќе од 650 милиони МКД годишно,

(c) не раководат со повеќе од 10 филијали и не располагаат со транснационална мрежа на филијали,

(d) не користат и не располагаат со лојална програма за редовни клиенти (со лична картичка за лојални клиенти),

(e) не се трговско друштво кое работи под франшиза, или

(f) не се под контрола од странско матично друштво.

Покрај тоа, Трговските партнери кои не ги исполнуваат овие спецификации, исто така, се сметаат за Трговски партнери, под услов, во поединечни случаи, myWorld International Ltd. писмено да ги извести неговите друштва од групацијата и партнерите за соработка за тоа. Стекнувањето и управувањето со Трговските партнери кои не се квалификувани како Трговски партнери во рамките на значењето на овој дел 1.2 не е предмет на овој Lyconet-договор. На маркетерот му е особено забрането да води првични разговори или преговори со такви друштва или да извршува останати промотивни активности со цел да ги добие.

1.3 Како противуслуга за овие дејности, маркетерот добива надомест во согласност со Lyconet Compensation Plan во **Прилог** 1 од овој Lyconet-договор (за тоа исто така види и клаузула 8).

**2. Предмет на договорот**

За продажните активности на маркетерот важи исклучиво овој Lyconet-договор.

**3. Правен однос**

3.1 Lyconet му дава на маркетерот неексклузивно право да дејствува како трговски претставник за Lyconet согласно овој Lyconet-договор. За маркетерот нема регионални ограничувања во вршењето на своите продажни активности, но секогаш мора да осигура на своја сопствена одговорност дека ги исполнува законските услови што се применуваат во соодветната земја; маркетерот целосно го штити Lyconet од какви било барања од трети лица.

3.2 Маркетерот во делот на комерцијалните активности делува како самостојно друштво. Меѓу Lyconet, т.е. Lyconet International AG и маркетерот нема склучено никакви работни, услужни или корпоративни односи од каков било вид. Маркетерот ги обезбедува своите договорни услуги исклучиво во рамки на сопствено одговорни, самостојни и правно независни од Lyconet активности и особено не е обврзан кон упатствата на Lyconet.

3.3 На маркетерот му е изрично забрането, во текот на бизнисот да дава впечаток дека тој е вработен или друг вид на работник во Lyconet, односно Lyconet International AG, или поврзано друштво

3.4 На маркетерот му е забрането да го застапува Lyconet, а особено не е овластен да склучува договори или да прифаќа услуги во име на Lyconet, т.е. Lyconet International AG. Исто така на маркетерот му е забрането да застапува други трговски друштва од

групацијата на Lyconet или myWorld. Прекршување на оваа клаузула 3.4 го овластува Lyconet на раскинување на овој Lyconet-договор поради важна причина во согласно со клаузула 13.2.

3.5 За секое физичко или правно лице дозволена е соодветно само една регистрација (т.е. еден идентификациски број). Регистрацијата треба да се направи со наведување на адресата на живеење односно деловната адреса (седиште) на маркетерот. Повеќекратната регистрација за неовластено добивање на предности од Lyconet Compensation Plan го овластува Lyconet за раскинување на договорниот однос поради важна причина, како и да ги повлече сите придобивки добиени по овој пат. При повеќекратните регистрации се бришат последно регистрираните идентификациски броеви. Предностите од Lyconet Compensation Plan, коишто се настанати со повеќекратната регистрација, пропаѓаат.

**4. Предуслов за активност и барање за надомест**

4.1 За склучување на овој Lyconet-договор физичките лица треба да бидат полнолетни.

4.2 Маркетерот – како предуслов за создавање на неговото барање за компензација – треба да дејствува во неговата комерцијална дејност. Притоа, маркетерот треба самостојно да се грижи неговата дејност да е прописно регистрирана и дека ги има потребните регулаторни одобренија за да ја извршува истата. Тој мора да обезбеди правилно плаќање на даноци и давачки и да го штити Lyconet против побарувањата на трети страни.

4.3 За рекламирање на новите Трговски партнери потребно е одобрение од страна на myWorld International Ltd. со неговите трговски друштва од групацијата и партнери за соработка, како и посебна обука.

**5. Права и обврски на маркетерот**

5.1 Маркетерот е овластен да се користи со организациската поддршка за неговите продажни активности на трети страни (на пр. помош). Продажните активности се извршуваат секогаш од страна на самиот маркетер. Маркетерот мора да осигура дека обврските од овој договор исто така ќе бидат почитувани и од овие трети страни.

5.2 Маркетерот е обврзан да прави само такви изјави преку Lyconet, трговско друштво поврзано со Lyconet, Lyconet бизнис моделот како и преку неговата дистрибуција и маркетинг, кои се во согласност со официјалните записи на Lyconet.

5.3 Штом маркетерот има сознание за можно прекршување на одредбите од овој Lyconet-договор од страна на друг маркетер, тој мора веднаш да го извести Lyconet за тоа.

5.4 Доколку маркетерот има намера да прави настани кои се плаќаат или на друг начин да понуди услуги кои се наплаќаат на трети лица во врска со Cashback World програмата или Lyconet маркетинг програмата, тој прво мора да добие согласност од Lyconet во писмена форма (доволно е електронска порака).

**6. Регистрирање на членови**

6.1 Маркетерот може со помош на оригиналниот формулар за регистрација да ги промовира новите членови на Cashback World програмата и со тоа да ја шири истата. Меѓу другото, мора да има предвид дека тој нема овластување за застапување и затоа нема право да прифаќа декларации во рамките на Cashback World програмата. Само со прифаќање на барањето за регистрација на членот од страна на соодветниот договорен партнер, се основа членството во Cashback World програмата.

6.2 При регистрирањето на нови членови, маркетерот ги има следните задолженија:

6.2.1 Маркетерот мора да осигура дека Општите услови за Cashback World членовите во нивното важечко издание (во понатамошниот текст „**Cashback World ОУ**") се достапни за членот на местото каде што се врши регистрацијата и членот може да има увид во *Cashback World ОУ*. Lyconet му ги дава на маркетерот на располагање потребните *Cashback World ОУ* во соодветната потребна верзија за земјата на www.lyconet.com (дел за најава). Потребните барања за регистрација во печатена форма маркетерот може да ги купи директно од Lyconet по соодветната нарачка.

6.2.2 При пополнување на формуларот за регистрација и пред завршување на членство, маркетерот треба непобарано да му ги достави *Cashback World ОУ* на членот и притоа јасно да му напомене дека тие се неопходен дел од договорот што треба да се склучи.

6.2.3 Пред завршување на регистрацијата маркетерот треба да ги внесе неговите податоци во формуларот за регистрација во полињата предвидени за тоа. За да може конечно да се заврши регистрацијата на членот, потребно е маркетерот да прикачи доволно препознатлива фотографија во назначената област на формуларот за регистрација, кој е целосно пополнет и потпишан од членот.

6.2.4 Дополнително, маркетерот се обврзува секогаш да ги има потребните, актуелни *Cashback World ОУ* достапни во копирана форма и во доволен број, истите да се видливи и да ги дава на барање на членовите.

6.2.5 Маркетерот треба да ги чува сите формулари за регистрација во оригинал и во секое време да ги има достапни на барање на Lyconet.

6.2.6 Lyconet го задржува правото да прави пробни проверки на формуларите за регистрација.

6.3 Одговорност на маркетерот при регистрирање на членови:

6.3.1 Маркетерот е целосно одговорен за усогласеност со одредбите од оваа клаузула 6. Оваа одговорност се однесува на сите лица кои маркетерот ги користи за да ги исполни своите договорни обврски во иста мера како и за однесувањето кое се припишува на трети лица.

6.3.2 Маркетерот мора со најголема грижа да ги евидентира сите податоци на регистрираните членови и е одговорен за какви било прекршувања на оваа обврска и за сите недостатоци што произлегуваат од нив.

6.3.3 Секое прекршување на оваа клаузула 6 од страна на маркетерот, му дава право на Lyconet на вонредно раскинување на целиот договорен однос.

## 7. Комуникациски материјал

7.1 Lyconet изготвува рекламен и информативен материјал (документи, каталози, презентации, итн.) (во понатамошниот текст: „**Комуникациски материјал**“), што ќе бидат бесплатно достапни за преземање на маркетерот на www.lyconet.com (во делот за најава) за извршување на неговата продажна активност.

7.2 Маркетерот смее да го користи исклучиво одобрениот комуникациски материјал што Lyconet го дава на располагање во дадениот момент на www.lyconet.com. Пред користењето на комуникацискиот материјал маркетерот треба да провери дали актуелната верзија одговара. Неправилната употреба на неовластен комуникациски материјал му дава право на Lyconet на вонредно раскинување поради основана причина во согласност со клаузула 13.2.

7.3 Во случај на прекинување на овој Lyconet -договор, маркетерот треба веднаш да ги уништи сите комуникациски материјали што ги поседува, ако евентуално има, и да испрати писмена потврда до Lyconet за нивното уништување.

7.4 За користењето на публикации и реклами, како и употребата на регистрирани и/или трговски марки внесени од Lyconet или друштва поврзани со Lyconet, како на пример на логоа на друштвата и марките Lyconet, Фондација Child & Famiy, Greenfinity Фондација итн. потребна е писмена согласност од Lyconet. За ова објавување, како и за користењето на регистрираните и/или внесени трговски марки на myWorld International Ltd. со нивните друштва од групацијата и партнери за соработка, како на пример Cashback World или myWorld потребна е писмена согласност од myWorld International Ltd. со нивните друштва од групацијата и партнери за соработка. Правото на маркетерот за користење на комуникацискиот материјал во согласност со клаузула 7.2 останува непроменето.

7.5 Маркетерот го ослободува Lyconet од барањата на трети лица, кои ги имаат против Lyconet поради намерно прекршување на нивните права од индустриска сопственост од маркетерот.

## 8. Lifeline

8.1 „**Lifeline**“ за секој маркетер се состои од маркетерите односно членовите коишто тој ги стекнал, маркетерите односно членовите стекнати преку овие членови (второ ниво) и маркетери односно членовите стекнати преку второстепените маркетери односно членови (трето ниво), итн.Lifeline се состои од сите маркетери односно членови независно од кое ниво, кое може да му се додели на маркетерот преку неговите препораки и сите последователни препораки. Lifeline исто така се нарекува и „**Downline**“. „**Upline**“ се состои од давателите на препораки. Следниот маркетер во Upline се назначува како „**Обучувач**“ а понаредниот како „**Постар обучувач**“.

8.2 Надоместокот на маркетерот според Lyconet Compensation Plan се пресметува земајќи ги предвид сите купувања направени од сите маркетери односно членови на кое било ниво на нивниот Lifeline. Купувањата од друг Lifeline не се смета во корист на маркетерот (дури и ако маркетерот има договорено за склучување на Lyconet-договор со маркетерот).

8.3 Lifeline во основа е непроменлив и придржувањето е основа на Lyconet маркетинг програмата за заштита на сите членови и маркетери. Маркетерите што во последните 12 месеци немаат достигнато право на надомест можат да го смени нивниот *препорачател* со именување на друг маркетер со негова согласност како *препорачател* кај Lyconet. Ако маркетерот е истовремено и член, дозволено е само да се смени препорачателот, ако исто така, се исполнети условите за промена како член. Ова значи дека Маркетерот нема направено купување од myWorld или од Трговски Партнер во претходните шест месеци и сеуште нема постигнато право на исплата во претходните дванаесет месеци. Во овој случај, маркетерите односно членовите (независно на кој степен) кои се директно или индиректно промовирани од страна на сменетиот маркетер го задржуваат првичниот препорачател од нивната првична позиција. Правото на надомест е дефинирано и регулирано во Lyconet Compensation Plan во Прилог 1.

8.4 Ако еден маркетер го заврши своето учество во Lyconet маркетинг програмата или го смени Lifeline според клаузула 8.3. од овој договор како член, тоа не ја менува позицијата на останатите маркетери односно членови од засегнатиот Lifeline (во долниот или горниот дел).

8.5 Пренесувањето на идентификациските броеви (ИБ) на трети лица (на пр. поради продажба на идентификациски броеви) може во основа да се изврши само со писмена согласност од Lyconet и при истовремено пренесување на сите постоечки договорни односи помеѓу маркетерот и Lyconet групацијата, како и (дополнително) myWorld групацијата на трети лица. Доколку маркетерот почине, сите постоечки договорни односи (вклучително и идентификацискиот број) помеѓу маркетерот и Lyconet како и (дополнително) myWorld групацијата ќе се пренесат на неговите наследници согласно Законот за наследувањето.

**9. Надомест**

9.1 На маркетерот ќе му се даде надомест за неговата дејност кај Lyconet во согласност со Lyconet Compensation Plan. Маркетерот нема никакви побарувања кон Lyconet за трошоци коишто произлегуваат при извршување на активностите на маркетерот (особено надомест на патни, материјални или лични трошоци).

9.2 Како дополнение на надоместоците според Compensation Plan, Lyconet може, по своја дискреција, исто така да пренесува дополнителни премии. Сепак, нема барање за тоа.

9.3 Пресметувањето за сите надоместоци се извршува неделно односно месечно земајќи ги предвид сите припишани Shopping Points (според Lyconet Compensation Plan) во рамки на Lyconet маркетинг програмата. Во пресметките, коишто му се достапни на маркетерот преку неговиот пристап на www.lyconet.com во делот за најава, Lyconet ги обезбедува сите информации, коишто се релевантни за надоместување за маркетерот според Lyconet Compensation Plan.

9.4 Маркетерот треба веднаш да ја разгледа оваа пресметка и писмено да даде забелешки до Lyconet најдоцна во рок од една недела по приемот на пресметката преку Lyconet.com и во форма утврдена од Lyconet. При повреда на оваа обврска, Lyconet има право да бара надомест на штета.

9.5 Исплатите кон Маркетерот во рамките на Lyconet Маркетинг Програма ќе бидат акумулирани и исплатени кон Маркетерот, доколку е достигнат минималниот износ од 200 МКД и доколку Маркетерот има веќе 5 активни потрошувачи*.

**10. Тајност и доверливост**

10.1 Маркетерот треба да ги чува во тајност сите работни и деловни тајни на Lyconet, коишто му се доверени и дадени до знаење од Lyconet за време на неговата дејност, како и по завршување на овој Lyconet-договор.

10.2 Документите кои се однесуваат на внатрешни деловни трансакции, а му се доверени на маркетерот, по нивното користење согласно барањето тој треба веднаш да ги врати на Lyconet најдоцна по завршувањето на овој Lyconet договор.

10.3 Маркетерот исто така треба да ги наметне обврските за доверливост и дискреција на своите помошници.

**11. Заштита на податоците**

11.1. Доколку за извршување на Lyconet-договорот, а исто така особено и за пресметка на Shopping Points и надоместоци според Lyconet Compensation Plan во Прилог 1 е потребно, Lyconet International AG собира, зачувува и обработува личните податоци односно податоците поврзани со друштвата, како и податоците за продажните активности на маркетерот, како одговорен за заштита на податоците.

11.2. Сите барања за информации, промени и бришење на податоци може да бидат испратени до Lyconet International AG со седиште на Orbi Tower Thomas Klestil Platz 13, 1030 Виена, Австрија или преку е-маил до international@lyconet.com. Дополнителни релевантни одредби за заштита на податоците при користење на веб-страницата на Lyconet ќе ги најдете во политиката за приватност на www.lyconet.com.

11.3. Lyconet применува меѓународно признати безбедносни технологии, за да ги заштити податоците на маркетерот од неовластени пристапи.

11.4. Доколку маркетерот користи дополнителни услуги кои се ИТ заштитени и Lyconet ги обработува внесените лични податоци од маркетерот, страните склучуваат Договор за обработка на податоци за нарачките.

**12. Договор за неконкурентност и неприфаќање**

12.1 Во текот на времетраењето на овој Lyconet-договор, маркетерот не може, без претходна писмена согласност од Lyconet, директно или индиректно, сам или преку трети лица, да работи, да основа или води, да учествува, или на друг начин да поддржува или советува конкурентски друштва, коишто нудат слични или исти услуги како Lyconet.

12.2 Истото важи и за конкурентските друштва, кои генерално се активни во секторот Мрежи (структурална дистрибуција).

12.3 Дејностите на маркетерот за конкурентските друштва, кои постојат уште при склучувањето на овој Lyconet-договор и ги има во текстуална форма (доволна е електронска порака), се исклучени од горенаведениот Договор за неконкурентност.

12.4 Во текот на времетраењето на овој Lyconet-договор, маркетерот исто така ќе се воздржи целосно, па дури и од обидот за барање на членови, маркетери или Трговски партнери, особено за други структурални дистрибуции.

* Активни потрошувачи на Маркетер се сите регистрирани членови на Cashback World Program во рамките на Lifeline-от на Маркетерот (до следниот Маркетер), кои немаат потпишано Lyconet Договор и затоа не се самите Маркетери и дополнително кои имаат направено купување од МКД 500 кај Трговските партнери. Директно препорачаните Маркетери како и диретно препорачаните Трговски Партнери, кои исто така се членови на Cashback World Program, ќе бидат сметани за активни доколку имаат направено купување од МКД 500 кај Трговските партнери. Купувањата на eVoucher се сметаат за купувања.

12.5 Во случај на виновно повредување на горенаведените одредби од оваа клаузула 12 од страна на маркетерот или негов помошник, Lyconet ќе бара запирање на релевантните акти. Ова нема да влијае на правото на Lyconet вонредно да го раскине овој Lyonet-договор, како и да утврди каква било направена штета.

**13. Времетраење и прекин на овој Lyconet-договор**

13.1 Lyconet-договорот се склучува на неопределено време и може да се раскине од двете страни со придржување на 30-дневен рок.

13.2 Двете страни имаат право во секое време да го раскинат овој Lyconet-договор поради важна причина без претходна најава. Важна причина за раскинување од Lyconet се особено следните случаи:

(a) Маркетерот свесно обезбедува лажни информации во врска со склучувањето на овој Lyconet-договор.

(b) Маркетерот користи неовластен комуникациски материјал кој ја прекршува клаузула 7.2.

(c) Маркетерот ги користи најавените и/или внесените марки на Lyconet или друштвата поврзани со Lyconet со прекршување на клаузулата 7.4.

(d) Маркетерот го прекршува Договорот за неконкурентност или неприфаќање според клаузула 12 или ги крши неговите обврски за доверливост и тајност според клаузулата 10.

(e) Маркетерот постојано советува погрешно за Cashback World програмата или Lyconet маркетинг програмата. Индикација за погрешно советување е ако натпросечниот број на договорите посредувани од него (со членови, маркетери или Трговски партнери) од страна на посредуваната договорна страна се оспорени, се отповикани или соодветно престанале на следниот можен датум.

(f) Маркетерот работи комерцијална препродажба на ваучери на Трговските партнери.

(g) Маркетерот спроведува настани што се наплаќаат без писмена согласност од Lyconet или нуди услуги кои се наплатуваат на трети лица во врска со Cashback World програмата или со Lyconet маркетинг програмата.

(h) Маркетерот е обвинет за намерно прекршување (i) извршено на штета на Lyconet или друштвото поврзано со Lyconet и/или (ii) во врска со извршувањето на неговите продажни активности според овој Lyconet-договор, (iii) кое е во материјална поврзаност со активноста на маркетерот според овој Lyconet-договор (на пр. кривични дела против имот како на пр. измама) или (iv) за нешто што е толку сериозно, така што Lyconet престанува понатамошна соработка заради уништување на потребната доверба или загрозена репутација.

(i) Маркетерот постојано заостанува во исполнување на договорните побарувања за исплата или значителен дел од нив.

(j) Финансиската состојба на маркетерот се влошува толку многу, што одржливата солвентност на маркетерот може да биде доведена во прашање со конкретни докази.

(k) Покрај значителна штета на економските интереси или угледот на Lyconet или Трговските партнери, како важна причина особено се смета и повредата на основните договорни обврски.

(l) За раскинување поради важна причина, заради прекршување на договорот, по правило потребно е неуспешно истекување на одреден период за поправни мерки или претходно неуспешно предупредување. Инаку, поставувањето на краен рок односно предупредување е непотребно, ако односното прекршување е толку сериозно, што поради таа причина од Lyconet веќе не може да се очекува да го продолжи овој Lyconet-договор.

13.3 Секоја изјава за раскинување мора да биде во писмена форма. Одлучувачко за придржување до крајниот рок е приемот на дописот за раскинување.

13.4 Секое учество во Cashback World програмата останува непроменето со какво било прекинување на овој Lyconet-договор.

**14. Последици од прекинувањето**

14.1 Веќе исплатениот надоместок останува кај маркетерот. Покрај тоа, тој има право на исплата на надоместоци за кои веќе се исполнети сите услови од Lyconet Compensation Plan до моментот на раскинување. Сите понатамошни побарувања од страна на маркетерот против Lyconet ќе бидат исклучени, освен ако таквото исклучување е допуштено со применлив закон.

14.2 Освен ако не е поинаку договорено, сите исплати направени од страна на маркетерот (на пр. за услуги или нарачки на ваучери) нема да бидат надоместени. Трошоците на маркетерот нема да бидат надоместени.

**15. Одговорност**

15.1 Lyconet одговара неограничено за животни повреди, телесни повреди или здравствени штети, што се резултат на намерно прекршување или прекршување од небрежност на должноста на Lyconet. Lyconet е исто така целосно одговорен за останати штети, коишто се настанати со намерно прекршување на должноста.

15.2 Lyconet е само ограничено одговорен за типични и предвидливи штети, коишто се засноваат на едноставно небрежно прекршување на таквите должности, а кои се од фундаментално значење за правилно и непрекинато извршување на договорот и врз чие исполнување маркетерот може да има доверба (главни обврски).

15.3 Другите барања за штети се исклучени, во согласност со клаузула 15.5. Ова особено важи, особено ако Lyconet не е виновен.

15.4 Доколку одговорноста на Lyconet се ограничува или е исклучена, ограничувањата или исклучоците важат исто така и за личната одговорност на вработените, на законските застапници и на помошниците на Lyconet.

15.5 Ограничувањата на одговорноста и исклучувањата од одговорност во согласност со оваа клаузула 15 не влијаат на одговорноста на Lyconet во согласност со задолжителните законски одредби од Законот за заштита на потрошувачите, поради лажно сокривање на дефект, како и преземање на гаранција за квалитетот на предметот.

## 16. Промени

16.1 Маркетерот се обврзува веднаш писмено да му ги соопштува на Lyconet промените во податоците, кои се суштински за договорот. Оваа обврска се однесува особено на промени на адресата и на банкарската сметка. Дополнително, маркетерите се обврзуваат да го известат Lyconet за проблеми при плаќањето, особено при опасност од несолвентност или презадолжување. Доколку итно не се објават промените во деловната адреса, се смета дека известувањата што Lyconet ги праќа поштенски на последно познатата адреса на маркетерот, тој сепак ќе ги добие.

16.2 Индивидуалните договори склучени во поединечни случаи имаат приоритет над овој Lyconet-договор. Содржината на таквите договори се регулира со писмен договор односно писмена потврда од Lyconet. Меѓу страните не се направен усни договори. Дополнително, Lyconet има право да му испрати на маркетерот договорни изјави и информации потребни за извршување на договорот преку СМС или е-маил, доколку тој ги има дадено соодветните податоци за контакт и не противречи.

## 17. Регулаторно право и надлежен суд

17.1 Овој договор подлежи на Австриското право со исклучок на принципите на меѓународното приватно право и Конвенцијата на Обединетите нации за договори за меѓународна продажба на стоки.

17.2 Ексклузивна надлежност за останати спорови кои произлегуваат или се однесуваат на овој Lyconet-договор има назначениот суд кај регистрираната канцеларија на Lyconet.

17.3 Споровите што произлегуваат од или во врска со овие Дополнителни Услови прво ќе бидат решавани од самите страни преку меѓусебни преговори. Доколку таквите преговори не завршат со успешен заклучок во рок од три месеци, двете страни се согласуваат да ги решат споровите користејќи медијација. Содржината за настанатите спорови, изборот на медијатори регистрирани во Федералнтото министерство за правда (ZivMediatG) и воспоставувањето на постапката ќе бидат меѓусебно определени. Доколку не се постигне консензус за избор на медијатор или за содржината на споровите, може да се поведат соодветни законски постапки, но не порано од еден месец по крајот на неуспешните преговори.

## 18. Општи одредби

18.1 Маркетерот не е овластен без претходна писмена согласност од Lyconet, овој Lyconet-договор или правата и обврските утврдени меѓу страните врз основа на овој Lyconet-договор, да ги пренесе на трети лица или на кој било друг начин, вклучително и преку универзална сукцесија. Доколку маркетерот почине, договорните односи што постојат меѓу него и Lyconet ќе се пренесат наследниците според важечкиот Закон за наследувањето. Дополнително, маркетерот не е овластен без претходна писмена согласност од Lyconet да ги оптоварува постоечките права со заложно право.

18.2 Правото на маркетерот да ги надомести барањата од Lyconet е исклучено. Ова не важи, во случај на взаемни, меѓусебни зависни побарувања или ако маркетерот плаќа неоспорено, законски извршно побарување или побарување подготвено за одлука.

18.3 Доколку некоја одредба од овој Lyconet-договор е или стане целосно или делумно неважечка или неспроведлива, важноста или спроведливоста на останатите одредби останува непроменета.